EUROPEAN
**MOBILITY**
WEEK

16-22 СЕПТЕМВРИ 2020



# 10 лекции ЗА ПОДОБРА УРБАНА МОБИЛНОСТ научени од пандемијата

1

**Јавниот простор е драгоцен**; сега е најважно во градовите на прво место да се луѓето, а не автомобилите (со многу паркинзи и коловозни ленти). Сообраќајните политики можат да се сменат за релативно кратко време.

2

**Ја согледавме вредноста на најважните работници,** кои до сега беа невидливи. Меѓу нив се и вработените во јавниот превоз, кои ни помагаат да се движиме. Со ограничен капацитет на јавниот превоз, важно е да им се даде приоритет на луѓето на кои тој најмногу им треба. Покрај тоа, мора да ја вратиме довербата во јавниот превоз. Тој е многу важен за одржлива и безбедна урбана мобилност.



3

**Невидливото стана видливо:** загадувањето на воздухот и бучавата од сообраќајот се намалија како никогаш до сега. Европејците уживаа во почист воздух и помирни урбани простори и сега сите сакаат тоа и понатаму да е така. Што можеме да направиме за ова да го постигнеме во максимална можна мера?



4

**Нашиот свет брзо се менува,** но нема потреба да се брза. Ајде малку да забавиме и во градовите да воведеме максимална брзина од 30км на час или дури и помалку во урбаните подрачја.

5

**Респираторното здравје и активниот стил на живот сега се најважни:** првичните истражувања покажуваат дека загадувањето и дебелината значително ги зголемуваат здравствените ризици од КОВИД-19. Поради тоа, мора да најдеме начин да им овозможиме на луѓето безбедно да пешачат или да возат велосипед во нашите градови. Сите треба да се обидат да останат во форма и да спортуваат, така што не изненадува што насекаде може да се купи опрема за вежбање. Сепак, најдобра вежба е пешачењето или возењето велосипед.



6

**Работата од дома стана нормална и можна** за многумина, поради што се намали потребата да се учествува во секојдневниот сообраќај. Сепак, некои работници, поради природата на работата мора да одат на своето работно место. Поради тоа, работниците и експертите за мобилност и урбано планирање мора заеднички да најдат решенија кои ќе помогнат безбедно да се вратиме на нашето секојдневие.



7

**Носењето на децата на училиште** со автомобил значително придонесува за гужвите во сообраќајот. Поради овие гужви, за останатите деца не е безбедно да пешачат или да одат со велосипед на училиште. Така и нивните родители мора да ги носат на училиште со автомобил поради што се создава еден маѓепсан круг од кој нема излез! Учењето од далечина може да помогне да се намалат овие ризици, но сепак потребни се и подобри решенија за одење на училиште.

8

**Дигиталните алатки се исклучително важни за ефикасно користење на сообраќајните системи,** но тие мора да се достапни за сите. Веќе неколку години експертите за мобилност дискутираат за мобилноста како услуга (MaaS) со цел да промовираат животен стил во кој се користат повеќе сообраќајни средства. При ова од помош се апликациите преку кои се споделуваат информации за сообраќајни решенија со помалку гужви, или пак преку кои свесно се промовира пешачењето, наместо да се понудат повеќе автобуси. За максимално да се искористат овие алатки потребно е населението да има пристап до нив и да поседува дигитална писменост.

9

**Купувањето преку интернет е едно од решенијата** што најмногу се користеа за време на карантинот, но што е со испораката? Доколку се користат велосипеди за испорака, добиваме логистика со нула емисии!



10

**Некои луѓе се поранливи од други:** ајде сообраќајните системи во градовите да бидат пристапни за сите, бидејќи град што е пристапен за лице во инвалидска количка е пристапен за сите.



#MobilityWeek

# EUROPEAN**MOBILITY**WEEK

16-22 СЕПТЕМВРИ 2020

## ‘Мобилност за сите без емисии’, едноставно како крофна*






* Крофната упатува на теоријата за „економија со крофни“ од економистката Кејт Рофорт од Универзитетот Оксфорд (2017). Оваа теорија сега ја користат некои градови за да се опораваат од кризата предизвикана од КОВИД-19. Во оваа теорија економијата е претставена како крофна каде надворешниот дел од прстенот се максималните еколошки вредности, додека внатрешниот дел од прстенот е минимумот што ни е потребен за добар живот. Сите треба да останеме во средното подрачје на комфор без да пропаднеме низ дупката во средина.

Преземено од:
https://www.kateraworth.com/doughnut/

#**Mobility**Week

## Кои активности ќе се спроведуваат за време на ЕВРОПСКАТА НЕДЕЛА НА МОБИЛНОСТ 2020?

Зависно од ситуацијата во земјата можете да организирате некои од активностите предложени подолу. Секогаш применувајте ги правилата и/или препораките за безбедност кои се на сила.

- ✓ Може да пешачите и возите велосипед, но внимавајте на локацијата!
- ✓ Понудете тури со водич кои ќе ги објаснат новите правила за безбедност и ќе посочат локации каде просторот е пренаменет од паркинг простор во простор кој сега го користат луѓето.
- ✓ Организирајте конференции со присуство на претставници од повеќе градови, како на пример минатогодишната конференција Балкански градови.
- ✓ Поставете информативен штанд на кој ќе се нудат информации или анализи за сообраќајот кога ситуацијата со КОВИД-19 беше најлоша.
- ✓ Спроведете анкети за да се идентификуваат проблемите и желбите за користење на јавниот простор како и за посакуваните начини на движење.
- ✓ Ако организирате поголем настан, бидете креативни и внимавајте на физичката дистанца. Само еден пример за инспирација: холандските велосипедисти користеа леб-багет врзан на нивниот грб за да покажат која е безбедната далечина со која треба да ги претекнува автомобил.
- ✓ Организирајте онлајн лотарија со награди кои поттикнуваат пешачење и велосипедизам.
- ✓ Спроведете маркетинг кампањи за да се зголеми привлечноста и безбедноста на јавниот превоз.
- ✓ Организирајте креативни натпревари во кои наградата е годишна/месечна карта за јавен превоз.
- ✓ Користете ги социјалните медиуми за да промовирате инклузивен превоз без емисии и започнете соработка со локалните жители со употреба на официјалниот хаштаг #**Mobility**Week
- ✓ Организирајте натпревар за лице со најнизок јаглероден отпечаток; на пазарот постојат неколку апликации кои покажуваат колкав е јаглеродниот отпечаток откако ќе се внесат податоците за превозот. Покажете им на луѓето колкав е нивниот јаглероден отпечаток (колку емисии на јаглерод емитуваат) и дадете им совети како да го намалат.
- ✓ Организирајте натпревар на социјалните медиуми за најдобра фотографија со еколошки можности за превоз.
- ✓ Вклучете ги и жителите и другите засегнати страни при тестирање на новите услуги за превоз без емисии, со цел подобрување на пристапноста и инклузивноста на јавниот превоз.
- ✓ Зошто да не постигнете нов светски рекорд? Постојат многу светски рекорди кои може да се соборат. Бидете досетливи и во соработка со локалните жители поставете нов светски рекорд за превоз без емисии.

Овие се само неколку активности кои може да ги организирате оваа година, покрај традиционалните активности со училиштата, НВОи, локалните бизниси итн.

#**Mobility**Week